Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

veloschools.ecologic@gmail.com

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

**„7 едноставни начини за проверка на велосипедот во домашни услови“**

1. **Исчистете го својот велосипед од нечистотијата која се насобрала во текот на зимскиот период (доколку не ви е користен велосипедот повеќе време)**

- За да можете да ги забележите евентуалните недостатоци или дефекти на велосипедот, тоа најдобро ќе го воочите на чист велосипед. Нечистотијата ќе ја отстраните на сув велосипед со било каква четка (што помала и помека,  за да ви биде полесно чистењето) и која пред чистењето на велосипедот ќе биде темелно исчистена. Откако ќе го исчистите велосипедот на суво, земете вода и сунѓер и уште еднаш поминете го.

2. **Ланецот подмачкајте или испрскајте го со специјално средство**

- Исчистете го ланецот најпрво со сува крпа и вртете ги педалите напред-назад, а потоа доколку имате средство за отстранување на мрснотии и нечистотии нанесете го на ланецот, по целата негова површина. Оставете го средството да дејствува кратко време и потоа повторно исчистете го со крпа, па потоа подмачкајте со масло за ланци. Доколку немате средство за отстранување на нечистотии, не се грижете. Исчистете го колку што можете потемелно ланецот со стара крпа (може да користите и влажни марамчиња) а потоа нанесете масло за ланци.

3. **Не заборавајте да ги проверите кочниците**

- Пред првото возење, задолжително да се проверат и кочниците. Можеби е потребно е нивно штелување (местење), а доколку гумичките или пакните за кочење се истрошени тие треба итно да се заменат.

4. **Проверете ги сите штрафови и останати места каде се прицврстува одреден дел на вашиот велосипед**

- Задолжително да се провери затегнатоста на штрафовите на сите места на точакот, посебно оние со кои е прицврстен воланот. Доколку постојат лабави споеви на велосипедот тие ќе ги проверите со подигнување и пуштање на тркалата, проверка со вашите раце (дали некој дел е лабав, или е можеби откачен од рамката, итн.), како и користење на вашиот алат (најчесто тоа е сет на инбуси). Бидете внимателни со затегнувањето за да не оштетите некој дел од велосипедот.

5. **Проверка на гумите**

*Оваа активност е реализирана во рамки на проектот* ***„Вело училишта“***, кој е имплементиран од Здружение на Граѓани- **Еко Логик** и финансиски подржан од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Embassy of Switzerland in North Macedonia

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

veloschools.ecologic@gmail.com

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

- Доколку велосипедот мирувал во зимскиот период веројатно гумите го имаат испуштено целиот воздух. На самите гуми, од страна, е наведен/запишан минималниот и максималниот притисок на воздух (изразен во psi или bar). За пумпање се препорачува голема стоечка пумпа со манометар. Истрошените и напукнати гуми се сериозна опасност при возењето и задолжително треба да се заменат.

6. **Проверете ги светлата и катадиоптрите, затоа што на велосипедот задолжително треба да има светло во бела боја на предната страна, како и катадиоптер со црвена боја или рефлектирачка лента на задната страна, и по еден катадиоптер со жолта или портокалова боја на секое од тркалата на велосипедот.**
7. **За крај, не заборавајте барем еднаш во годината да направите целосен сервис на вашиот велосипед, или вие самите или во овластен сервис за велосипеди.**

- Со редовниот сервис на вашиот велосипед , го продолжувате неговиот живот, и истиот ќе може да ве служи долги години.

Секако доколку немате време, знаење, ниту простор да ги направите горенаведените чекори за проверка на вашиот велосипед, однесете го на сервис, за да бидете сигурни и безбедни во вашето возење.

*Оваа активност е реализирана во рамки на проектот **„Вело училишта“***, кој е имплементиран од Здружение на Граѓани- **Еко Логик** и финансиски подржан од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Embassy of Switzerland in North Macedonia

ВЕЛО